Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
Агенција за цивилно воздухопловство
Agjencia e Aviacionit Civil
Бр.-Nr. 02-403/2
12-04-2024 год.-viti
Скопје-Shkup



АГЕНЦИЈА ЗА ЦИВИЛНО ВОЗДУХОПЛОВСТВО

***АГЕНЦИЈА ЗА ЦИВИЛНО ВОЗДУХОПЛОВСТВО***

# ***ИЗВЕШТАЈ***

## ***за реализација на Годишна програма за работа и развој на Агенција за цивилно воздухопловство на Република Северна Македонија за 2023 година***

**ИДЕНТИФИКАЦИЈА НА ДОКУМЕНТОТ**



*Годишниот извештај за реализација на Годишната програма за работа и развој на Агенцијата за цивилно воздухопловство на Република Северна Македонија за 2023 година е изготвен согласно членот 13 од Законот за воздухопловство, со кој е утврдена обврска на Агенцијата за цивилно воздухопловство, најдоцна до 30 јуни од следната година, до Собранието на Република Северна Македонија да достави за усвојување Годишен извештај за својата работа во претходната година.*

*Во Годишниот извештај за реализација на Годишната програма за работа и развој на Агенцијата за цивилно воздухопловство на Република Северна Македонија за 2023 година се содржани детални информации и податоци за извршување на надлежностите на АЦВ, согласно Законот за воздухопловство ("Службен весник на Република Македонија"бр.14/2006, 24/2007, 103/2008, 67/2010, 24/2012, 80/2012, 155/2012, 42/2014, 97/2015, 152/2015, 27/2016, 31/2016, 64/2018 и "Службен весник на Република Северна Македонија" бр.220/2019), како и активности реализирани на компанијата во функција на реализација на визијата, мисијата и целите на АЦВ, за достигнување на крајната цел, обезбедување високо квалитетен, брз, ефикасен, сигурен, евтин и еколошки одржлив европски профилиран воздушен сообраќај, достапен до сите.*

3.5.ОТСЕК ЗА ВОЗДУХОПЛОВНА МЕДИЦИНА ........ 30
**IV. СЕКТОР ЗА МЕЃУНАРОДНО-ПРАВНИ РАБОТИ ........ 32**
4.1 ОБВРСКИ КОИ ПРОИЗЛЕГУВААТ ОД ЧЛЕНСТВОТО ВО МЕЃУНАРОДНИ ОРГАНИЗАЦИИ И РАТИФИКУВАНИ КОНВЕНЦИИ И МЕЃУНАРОДНИ ДОГОВОРИ ........ 32
4.2 МЕЃУНАРОДНИ АКТИВНОСТИ ........ 33
4.3 ОДОБРУВАЊЕ НА ЛЕТОВИ ........ 34
4.4.НОРМАТИВНИ АКТИВНОСТИ И ТРАНСПОНИРАЊЕ НА МЕЃУНАРОДНИТЕ ВОЗДУХОПЛОВНИ СТАНДАРДИ ........ 34
4.5 ПРЕВОД И ПОДГОТОВКА НА ДОПИСИ ........ 36
4.6 ПАТНИЧКИ ПРАВА ........ 36
4.7 РАЗНО ........ 36
4.8 АКТИВНОСТИ ПОВРЗАНИ СО РАЗЛИЧНИ ПРОЕКТИ ........ 37
**V. СЕКТОР ЗА АЕРОДРОМИ И ВОЗДУХОПЛОВНА НАВИГАЦИЈА ........ 39**
5.1. ОДДЕЛЕНИЕ ЗА АЕРОДРОМСКА ИНФРАСТРУКТУРА ........ 39
5.1.2.Сертификација на аеродроми, леталишта и терени ........ 39
5.1.3.Инспекциски надзор на градежна инфраструктура на аеродроми, леталишта и терени ........ 40
5.1.4.Регистрација на аеродроми и леталишта и евиденција на терени ........ 41
5.1.5.Издавање на согласности со услови за градба од аспект на безбедност на воздушниот сообраќај. ........ 41
5.1.6.Е-урбанизам ........ 41
5.1.7.Надзор за препреки во воздухоплovтсво ........ 41
5.1.8. Други активности ........ 42
5.2. ОДДЕЛЕНИЕ ЗА АЕРОДРОМСКИ УСЛУГИ ........ 42
5.3. ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ВОЗДУХОПЛОВНА НАВИГАЦИЈА ........ 46
5.4. ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ПОТРАГА И СПАСУВАЊЕ И ИСТРАЖУВАЊЕ НА ИНЦИДЕНТИ И НАСТАНИ ........ 48
Во делот на тековните активности на одделението ........ 48
Во делот на вежбовни активности ........ 49
Учество во работни групи, комисии и присуство на обуки ........ 49
**VI. СЕКТОР ЗА АДМИНИСТРАТИВНИ И ОПШТИ РАБОТИ ........ 51**
6.1.ОДДЕЛЕНИЕ ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ЧОВЕЧКИ РЕСУРЕСИ ........ 57
6.2. ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ПРАВНИ РАБОТИ ........ 59
6.3. ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ОПШТИ И ЗАЕДНИЧКИ РАБОТИ ........ 60
6.4. ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ИНФОРМАТИЧКИ ТЕХНОЛОГИИ И ТЕЛЕКОМУНИКАЦИИ ........ 61
6.5. ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ЈАВНИ НАБАВКИ ........ 62
**VII. СЕКТОР ЗА ФИНАНСИСКО РАБОТЕЊЕ И ЕКОНОМСКИ НАДЗОР ........ 63**

*2023 година, беше период исполнет со реализација на значајни проекти и прифатени предизвици, кои македонското цивилно воздухопловство успешно го конектираа со европската траекторија на сигурни, безбедни, брзи, ефикасни цивилни воздухопловни власти. Но, 2023 година беше и година исполнета со серија од настани, проекти и иницијативи, со кои како Агенција за цивилно воздухопловство застанавме зад одбележувањето на 100 годишнината од поставувањето на темелите на македонската авијација.*

*Зад успешната проекција на имиџот и довербата во АЦВ, како сериозен регулатор на македонското цивилно воздухопловство, стои многу активен ангажман на тим од инспектори, членови и партнери во домашната и меѓународна воздухопловна индустрија, кои со својот максимален професионализам, придонесоа да се реализираат нашата мисија и визија. Со заеднички напори, успеавме да ја одржиме и да ја надминеме минатогодишната работа, што резултираше со зајакнување на нашите капацитети како институција во согласност со европските стандарди.*

*Продолживме со успешна реализација на безбедносните регулаторни функции, според стандардите на Меѓународната конвенција за цивилно воздухопловство и соодветните препораки на Меѓународната организација за цивилно воздухопловство (ICAO). Континуираното унапредување на безбедносните процеси и системи и во 2023 година, останаа приоритет, во нашите напори, на нашите патници да им обезбедиме сигурен транспорт до посакуваната цел, а на операторите на воздушниот простор највисоки стандарди на сигурност и безбедност.*

*Во текот на годината, имавме значителен напредок во модернизацијата на нашите технолошки системи и инфраструктура, што овозможи постојано подобрување на ефикасноста и просперитетот на воздушниот сектор. Новите технологии и иновации не само што го засилуваат нашиот капацитет да одговари на современите барања на индустријата, туку и го зајакнуваат позитивното искуство при трансферот на патници и стока, и функционалност на операторите при реализацијата на воздушниот транспорт.*

*Во функција на унапредување на кадровските потенцијали на АЦВ, во 2023 година реализиравме голем број обуки и стручни усовршувања на вработените, но имплементиравме и проекти во насока на промоција на Агенцијата пред домашната и странска јавност. Ми преставува чест и задоволство што како АЦВ, во рамките на своите надлежности застанавме и зад успешната реализација на Меѓународниот Аеромитинг, по повод одбележувањето на 100 годишнината од постоењето на македонската авијација.*
*2023 годината ќе биде запаметена и по промоцијата на VFR картата, изготвена на иницијатива на АЦВ, за прв пат во земјава, и има за цел да им го олесни летањето на корисниците на воздухопловните услуги во рамки на нискиот воздушен простор. Картата беше изготвена од страна на експерти од М-НАВ, а нејзината постапна реализација траеше повеќе од 2 години.*
*Со влегување на новиот Закон закон за воздухопловство во собраниска процедураи неговото донесување се реализира процесот на имплементација на новата воздухопловна регулатива во нашата национална легислатива, како основа на примена на воздухопловните стандарди и препораки на Европската унија.*
*Анализирајќи ја успешната реализација на Програмата за работа и развој на АЦВ за 2023 годината, можам слободно да Ве уверам дека, интенција на АЦВ е нашата држава да добива што е можно повисоки оценки од сите релевантни меѓународни институции и постојано да го подигнува рејтингот во сферата на меѓународните воздухопловни текови. За нас како*

**Попис и објаснување на кратенки кои ќе бидат користени во Извештајот:**

| | |
|---|---|
| AIS | Aeronautical Information Service / Услуги за воздухопловни информации |
| AMC | Aero Medical Center / Воздухопловно–медицински центар |
| AME | Authorized Medical Examiner / Овластен лекар за процена на здравствената способност |
| ANS | Air Navigation Services / Услуги на воздухопловната навигација |
| ANSP | Air Navigation Service Provider / Давател на услуги на воздухопловната навигација |
| ATCO | Air Traffic Control Officer / Контролор на летање |
| ATM | Air Traffic Management / Управување со воздушниот сообраќај |
| AWAOC | Aerial Work Air Operation Certificate / Уверението за вршење на специјализирани услуги со воздухоплов |
| CAPSCA | Collaborative Arrangement for the Prevention and Management of Public Health Events in Civil Aviation / Систем за координација на меѓународниот воздухопловен одговор на јавноста за ризиците по здравјето |
| CCAA | Croatian Civil Aviation Agency/Хрватска агенција за цивилно воздухопловство |
| CHRDCA | Center for Human Resource Development on Civil Aviation/центар за развој на човечките ресурси во цивилното воздухопловсто |
| CMO | Chief Medical Officer / Шеф на медицина |
| CNS | Communication, Navigation and Surveillance / Комуникација, навигација и надзор |
| CORSIA | Carbon Offsetting and Reduction Scheme for International Aviation / Програма за неутрализација и намалување на емисија на јаглерод за меѓународното воздухопловство |
| CRCO | Central Route Charges Office / Централана управа за надоместоци за прелети |
| EAI | European Aviation Institute/Европски воздухопловен институт |
| EASA | European Aviation Safety Agency / Европска агенција за воздухопловна безбедност |
| ECAC | European Civil Aviation Conference / Европска конференција за цивилно воздухопловство |
| ECAM | European Congress of Aerospace Medicine / Европски конгрес за воздухопловна медицина |

| | |
|---|---|
| USOAP | Universal Safety Oversight Audit Programme / Универзална програма за ревизија на надзорот врз безбедноста |
| АЗЛП | Агенција за заштита на лични податоци |
| АЗПСПИ- | Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер |
| ДКСК | Државна комисија за спречување на корупција |
| КПД | Канцеларија за поддршка на директорот |
| МИОА | Министерство за информатички општество и администрација |
| ООВ | Одделение за обезбедување во воздухопловството |
| САВБ | Сектор за аеродроми и воздухопловна навигација |
| САОР | Сектор за административни и општи работи |
| СВС | Сектор за воздушен сообраќај |
| СМПР | Сектор за меѓународни и правни работи |
| СФР | Сектор за финансиски работи |

во воздухопловството и акционите планови. Направи и координација со ICAO USOAP рамката, со цел, затварањето на забелешките и воспоставување на системот за управување и контрола на функционирање на системот за управување со безбедноста (SMS).

Исто така, во 2023 година Советот на ICAO продолжи со новата метода на самооценување на Националната Програма за Безбедност (SSP), која од 2024 година ќе биде задолжителна за сите членки на ICAO.

Врз основа на сето горенаведено, и покрај предизвиците и променетиот безбедносен пејзаж, Инспекторот за контрола на безбедноста и квалитетот продолжи со својата работа, спроведувајќи услови за прифатливо ниво на безбедност во воздухопловството.

## 1.2. Советник за протокол и односи со јавност

Советникот за протоколарни и ПР активности од Канцеларијата на директорот за подршка на неговото работење, во 2023 та година, во целост ги реализираше предвидените активности од Програмата за разбота и развој на АЦВ за предвидената година. Имено, продолжи со реализација на проектите во насока на квалитетна и професионална презентација на достигнувањата во работењето на АЦВ, пред домашната и странска јавноста, преку организирани средби со новинари, учество во дневно информативни емисии, пласирање текстови и информации до пишаните и електронски медиуми.

И во 2023 тата година, советникот на директорот за протокол и ПР активности, остана доследен на навременото и ефикасно ажурирање на веб страната на Агенцијата и социјалните мрежи, на изготвување на Годишни извештаи и Програма за работа и развој на АЦВ за престојната година.Ја координираше подготовката на Стратешкиот и Акциски план на АЦВ за период од 2023 до 2027 година.Максимално професионално и навремено ги координираше подготовките и реализацијата на Ликовниот Конкурс наменет за учениците од основните училишта во земјата.

Едновремено со ПР активностите, советникот, продолжи и со навремено и ефикасно организирање на патувањата на вработените во земјава и странство, преку набавка на економски најисплатливи и во согласност со законските одредби, авиобилети, хотелски сместувања и патнички осигурувања.

## 1.3 Советник за обука и стручно усовршување

Реализацијата на обуките во АЦВ, во 2023 год. беше предвидена во согласност со индивидуалните планови за обука на вработените, во рамки на Програмата за обуки на вработените од АЦВ.

Во овој период беа организирани почетни обуки за нововработените лица во АЦВ, како и обуки за обнова на знаење за Законот за општа управна постапка и Законот за прекршоци, кои ги посетија поголем дел од вработените во АЦВ. Дополнително на ова, голем број на вработени посетуваа бесплатни информативни вебинари и обуки на најразлични теми од областа на воздухопловството,

Воедно, во рамките на АЦВ беа организирани интерни обуки, преку кои се разменија знаења помеѓу вработените во рамките на нивните стручни познавања.

До 31.12.2023 година реализирани се вкупно 321 обука за 72 вработени.

## II. ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ОБЕЗБЕДУВАЊЕ ВО ВОЗДУХОПЛОВСТВОТО

### 2.1. Реализирани активности – контрола на квалитет на обезбедување во цивилното воздухопловство (Aviation security)

Согласно своите контролни активности и годишниот план за контрола на квалитетот на имплементацијата на мерките за обезбедување во воздухопловството за 2023 година планирани беа 16 контролни активности додека реализирани се вкупно 22 инспекциски надзори на 5 субјекти на воздухопловната индустрија и странски авиопревозници кои вршат операции од/до Република Северна Македонија.

Во "ТАВ Македонија" ДООЕЛ, Мралино, Илинден, Меѓународен Аеродром Скопје се реализирани вкупно 8 контролни активности, од кои 3 редовни инспекции и 5 повторни и вонредни инспекциски надзори. При спроведување на инспекцискиот надзор се констатирани одредени недостатоци за што е наложено изготвување на корективни акциони планови или преземање на конкретни мерки за подобрување на состојбите од страна на аеродромскиот оператор. Поголемиот дел од недостатоците се отстранети додека дел потребно е да бидат целосно надминати во текот на 2024 година.

Во "ТАВ Македонија" ДООЕЛ, Мралино, Илинден,Аеродром" Св. Апостол Павле" Охрид се реализирани 3 инспекциски надзори од кои 2 редовни и 1 повторен инспекциски надзор. При инспекциските надзори се констатираа одредени недостатоци за што е наложено изготвување на корективни акциони планови или преземање на конкретни мерки за подобрување на состојбите од страна на аеродромскиот оператор.

Во „Регулираниот агент Меѓународен Аеродром Скопје" се реализирани 2 инспекциски надзори 1 редовен и 1 повторен инспекциски надзор. За време не инспекцискиот надзор констатирана е потреба од изменување на програмата на РА со цел истата да биде во согласност со последните измени на Националната програма за обезбедување. Истото е направено до стана на регулираниот Агент.

Во "М-НАВ "АД Скопје давателот на услуги на воздухопловна навигација се реализирани 2 инспекциски надзори од кои 1 редовен и 1 повторен, при што се констатирани одредени недостатоци за што е наложено изготвување на корективни акциони планови или преземање на конкретни мерки за подобрување на состојбите од страна на давателот на услуги на воздухопловна навигација.

Од страна на Агенцијата за цивилно воздухопловство беа реализирани 7 инспекциски надзори над работењето на странските авиопревозници кои оперираат од/до Република Северна Македонија и нивните воздухоплови, посебно за делот на безбедносен преглед на воздухоплов, мерки за INDA, DEPA/DEPO, мерки за обезбедување за време на лет, при што не се констатирани сериозни недостатоци.

Дополнително на горенаведените инспекциски надзори од страна на Одделението за обезбедувње над школскиот центар на ТАВ Македонија, беа извршени редовни контролни активности во вид на присуство од страна на инспектори за време на предавањата (набљудување на методите и начинот на предавање) и за време на испити и сертификација, како и увид во тестовите и резултатите остварени од страна на кандидатите кои ги посетуваат обуките. За време на контролните активности не се констатирани посериозни недостатоци освен потреба од подобрување на дел од мерките и активностите.

- Нова Процедура за спроведување на тест за одобрување во работна средина на опрема за обезбедување (Site Acceptance Test)
- Нова Процедура за вршење на инспекциски надзор на обезбедување од дејствија на незаконско постапување;
- Изменета и дополнета Националната програма за обука за обезбедување во цивилното воздухопловство;
- Одобрена аеродромска програма за обезбедување и процедурите за работа на Меѓународен Аеродром Скопје и Аеродром Апостол Павле – Охрид,
- Одобрени планови за вонредни состојби на двата аеродрома;
- Одобрени програми и прирачници за обезбедување на другите субјекти од воздухопловната индустрија;

Одделението за обезбедување во воздухопловството, едновремено активно учествуваше и во подготовка на состаноците и работата на Националниот комитет за обезбедување на цивилното воздухопловство, а

- Учествуваше и на состаноци на Аеродромските комитети за обезбедување во Скопје и Охрид, на ECAC Aviation Security Forum, на ICAO EUR/NAT AVSEC Group, а присуствуваше и на обуки, семинари и работилници организирани од Агенцијата, ECAC, ICAO и ЕУ.

29.06.2023год. Записник: УП бр. 08-324/2023 од 08.08.2023год. Решение: УП бр. 08-324/2023год. на 09.08.2023год.

**3.1.2.2. Друштво за авио услуги ДООЕЛ ''БОНИЕР'' Куманово:**

1. Редовен инспекциски надзор за време на извршување специјализирани високоризични операции (Ramp Check), на ден 28.07.2023 година, Записник бр. 08-1029/1 од 11.08.2023год.
2. Управна постапка за одобрување Оперативен Прирачник - Надзор на содржината и формата на доставена корегирана верзија од Оперативен Прирачник, Записник: 08-146/2023 од 10.03.2023 година, Решение : 08-146/2023 од 10.03.2023 година.
3. Управна постапка број 08-259/2023 за одобрување на комерцијани специјализирани операции од виско ризик, апликација на средство за комарци и ларви над следниве населени места:
   - Виница,
   - Карбинци,
   - Куманово,
   - Пробиштип,
   - Свети Николе,
   - Велес,
   - Кавадарци,
   - Кочани,
   - Кратово,
   - Крива Паланка и
   - Штип.

   Решение: УП бр. 08-259/2023 од 29.05.2023

**3.1.2.3.Дирекција за заштита и спасување:**

1. Инспекциски надзор на Аеродром Петровец, Записник бр. 08-607/2022 11.01.2023,
2. Инспекциски надзор и информативен состанок со менаџментот на ДЗС, Записник бр. 08-746/1 од 09.06.2023год.
3. Инспекциски надзор на Аеродром Петровец за време на извршување тренажни летови, Записник бр.08-1467/1 од 17.11.2023год.
4. Управна постапка за Одобрување на Листа на минимална опрема (MEL) за авионите AT-802/802A со регистарски ознаки Z3-BGT; Z3-BGV; Z3-BGU, Записник бр. 08-607/2022 од 11.01.2023, Решение број УП 08-607/2022 13.01.2023год.
5. Управна постапка за одобрување Оперативен Прирачник, Записници 08-250/2022 од 21.06.2022год, 08-1186/1 од 04.11.2022год. и 08-250/2022 од 10.03.2023год. Решение број УП 08-250/2022 од 10.03.2023год.
6. Управна постапка за одобрување на измена во Декларација, Записник: 08-164/2023 од 27.03.2023 година, Решение: УП бр.08-164/2023 на 27.03.2023 година.
7. Управна постапка по службена должност врз основа на Записник од извршена инспекција: 08-746/1 од 09.06.2023год. Барање за одобрување измена на Оперативен Прирачник, Ревизија 2, Записник: 08-399/2023 од 13.07.2023год. Решение: УП бр.08-399/2023 од 14.07.2023год.

- Управна постапка за организирање на меѓународен параглајдески натпревар SRS OZONE EDITION KRUSHEVO 2023, по барање на Клуб за воздухопловни спортови ХЕЛИ ХЦ- Скопје, Уп.бр.08-274/2023, Записник: 10.05.2023 год. Решение: 10.05.2023 год.
- Управна постапка за организација на меѓународен параглајдерски натпревар Белгиум Опен 2023,по барање на Параглајдинг Клуб Делта Прилеп, Уп.бр.08-331/2023, Записник: 11.07.2023год. Решение: 16.06.2023год.
- Управна постапка за организација на меѓународен параглајдерски натпревар Флајмастер Опен 2023 ( Државно Првенство на Република Северна Македонија ) по барање на Параглајдинг Клуб Делта Прилеп, Уп.бр.08-332/2023 , Записник: 04.07.2023год. Решение: 16.06.2023год.
- Управна постапка за организација на меѓународен параглајдерски натпревар Nordic Open 2023, по барање на Клуб за воздухопловни спортови ХЕЛИ ХЦ- Скопје, Уп.бр.08-391/2023, Записник: 25.07.2023 год. Решение: 12.07.2023 год.
- Управна постапка за организација на меѓународен параглајдерски натпревар Norwegian Open 2023, по барање на Клуб за воздухопловни спортови ХЕЛИ ХЦ- Скопје, Уп.бр.08-390/2023, Записник: 18.07.2023 год. Решение: 12.07.2023 год.
- Управна постапка за организација на меѓународен параглајдерски натпревар Gin wide Open 2023, по барање на Параглајдинг Клуб Скај Рајдерс Прилеп , Уп.бр.08-416/2023, Записник: 01.08.2023 год. Решение: 28.07.2023 год.
- Управна постапка за организација на меѓународен змајарски натпревар Светско Првенство во Змајарство, по барање на Екстрема Параглајдинг Клуб Скопје, Уп.бр.08-421/2023, Записник: 30.08.2023 год. Решение: 01.08.2023 год.
- Здружение на граѓани Параглајдинг Клуб Делта Прилеп TC/PG 03. Центар за обука на пилоти на параглајдер. Бр. 08-443/1 Редовен инспекциски надзор, Записник од 15.12.2023год.
- Здружение на граѓани Параглајдинг Клуб Скај Рајдерс Прилеп TC/PG 05. Центар за обука на пилоти на параглајдер, Бр. 08-442/1 Редовен инспекциски надзор, Записник од 15.12.2023год.

### 3.2.2 Воздухоплови без екипаж

Во врска со одобрувања на летови и сертификација на организации, во текот на 2023 година беа извршени следните инспекциски надзори и управни постапки:

1. Управна постапка по барање за издавање на уверение за вршење на комерцијални операции со воздухоплови без екипаж и уверение за вршење на обука на пилоти без екипаж на Друштвото за трговија и услуги “ДРОНБУЗЗ АЕРЕАЛ СЕРВИС “ ДООЕЛ-Скопје Уп.бр. 08-247/2023 , Записник од 31.05.2023год , Решение 26.06.2023год.
2. Управна постапка за летање на воздухоплов без екипаж управувано од странско лице за “SALVATORE BRACA –PANDATARIA FILM SRL” Уп.бр.08-650/2023, Решение: 23.112023 год.
3. Управна постапка за летање на воздухоплов без екипаж управувано од странско лице за “Зенит Филмс” Уп.бр.08-698/2023, Решение: 28.12.2023 год.
4. 04. Управна постапка за летање на воздухоплов без екипаж управувано од странско лице за “МИТ СОЛАР ДООЕЛ СКОПЈЕ” Уп.бр.08-24/2024, Решение: 23.01.2024 год.
5. Барање за снимање со дрон на парадата на гордоста бр.08-784/2 од 19.06.2023 год. Решение:23.06.2023 година.
6. Управна постапка за летање на воздухоплови без екипаж ,ноќе-дрон шоу, управувано од странско лице по барање на “Дивисион Дооел” Скопје, Уп.бр.08-580/2023, Решение: 18.10.2023 год.

- СОЗР на Влада на Република С.Македонија
- Дирекцијата за заштита и спасување -ДЗС - воздухопловите кои се користат за гасење на пожари;
- Организација за одржување на Аероклуб Скопје ДОО Чучер Сандево;
- Странски организации за техничко одржување валидација:
  - ЗТЦ – Р.Хрватска ,
  - ТИТАН – Шпанија и
  - ГАС -Авиатион -Р.Србија.

Во 2023 година беа спроведени 45 Управни постапки за основен преглед или продолжување на пловидбеност на авиони, едрилици, балони и ултра-лесни авиони. Спреведени се 13 Управни постапки за одобрување на технички систем за одржување на воздухоплови, 2 Управни постапки за издавање на Дозвола за лет, 6 постапки за доделување на 24 битен код за транспондер и 2 постапки за издавање на Уверение за Бучава.

Беа конвертирани, издадени и продолжени 7 дозволи за Part 66 на воздухопловни механичари.

Во април и октомври беа реализирани 2 испитни сесии за полагање на модули за стекнување на дозволи по Part 66 на кои учество земаа 52 кандидати, а беа спроведени и 69 испити и 319 тестови.

Со стапувањето на сила на Уредбата за условите под кои воздухоплов без екипаж може да лета во македонскиот воздушен простор („Службен весник на РМ“ бр.187/17) и Уредбата за изменување и дополнување на уредбата за условите под кои воздухоплов без екипаж може да лета во македонскиот воздушен простор („Службен весник на РМ“ бр.152/18), беа создадени услови за упис на воздухоплови без екипаж во Регистарот на воздухоплови без екипаж на РМ. Согласно уредбата , во 2021 година беа впишани **76** воздухоплови без екипаж, во 2022 година уште **38** воздухоплови вез екипаж, додека на **40** воздухоплови без екипаж им беше продолжено Уверението за Регистрација. Во 2023 година беа впишани и нови **60** воздухоплови без екипаж, додека на **25** воздухоплови без екипаж им беше продолжено Уверението за Регистрација, со што вкупниот број на впишани воздухоплови во 2023 година во Регистарот е **363**.
Одделението за пловидбеност, меѓу првите во Европа, воведе квалитетен систем за регистрација на воздухопловите без екипаж, и директно и постојано се вклучува во информирање на корисниците/операторите, за правата и обврските, со посебно внимание на безбедноста.
Со транспонирање на најновите регулативи на европската комисија за безпилотните системи, податоците за регистрираните воздухоплови без екипаж , ќе можат да се искористат за регистрација на операторите, а регистрацијата на воздухопловите без екипаж ќе се однесува само на групата „сертифицирани„.( Дронови со уверение за тип)

Минатата година беа реализирани 54 инспекции на странски воздухоплови на двата аеродроми во Р.С.Македонија.

Во истиот период одделението беше вклучено и во изработка на извештаи во програмата CORSIA (Carbon Offsetting and Reduction Scheme for International Aviation).

Оделението, во рамките на дополнителните надлежности, постојано беше вклучено и во
оценките за безбедност на високоризичните операции со воздухоплови регистрирани во Македонија, вклучувајќи ги и третирањата против комарци над населени места/градови.

Согласно планот за 2023 г., беше пристапено кон разработка на поголем број на регулативи на европската комисија, кои би требало да се транспонираат во 2024 година.

### 3.4. Одделение за дозволи и уверениија

Одделението за дозволи и уверенија при Секторот за воздушниот сообраќај во Агенцијата за цивилно воздухопловство е надлежно за дозволи и уверенија на персоналот во воздухопловството, учество во постапки поврзани со издавање/продолжување/обнова на Уверение за испитувач по воздухопловна медицина, издавање/надзор на уверенија за тестирање на познавање на воздухопловен јазик, водење на процесот за Листа на стручњаци (испитувачи) и водење на регистри и листи.

Одделението за дозволи и уверенија спроведува постапки во текот на 2023 година ги изврши следните работни активности и процеси:

**А) Работни процеси**

Работните процеси за издавање, продолжување, обнова, суспендирање, лимитирање и повлекување на дозволи/уверенија и овластувања на персонал во воздухопловството лиценциран од страна на Агенцијата за цивилно воздухопловство на Република Македонија, Одделението сработи **414** постапки *(Управни - 389 и Општи - 25).*

| Р.б. | Вид на дозвола/ уверение | Издавање на дозвола | Стекнување овластување | Продолжу-вање/обнова на дозвола/ овластување | Замена Образец/нов образец на дозвола |
|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Приватен пилот на авион | 3 | / | 24 | 27 |
| 2. | Комерцијален пилот на авион | 1 | 4 | 28 | 34 |
| 3. | Сообраќаен пилот на авион | / | / | 20 | 20 |
| 4. | Сообраќаен пилот на хелихоптер | / | 1 | 10 | 10 |
| 5. | Пилоти на ултралесни авиони | 4 | | 8 | 4 |
| 6. | Пилот на балон | 1 | / | 2 | 2 |
| 7. | Пилот на едрилица | / | 2 | 10 | 1 |
| 8. | Пилот на параглајдер | 11 | 4 | 4 | 15 |
| 9. | Падобранец | / | / | 6 | / |
| 10. | Воздухопловен диспечер | / | / | / | / |
| 11. | Контролор на летање и студенти на КЛ | 8 | 3 | 60 | 71 |
| 12. | Помошник на контролор на летање | 1 | / | 40 | 1 |
| 13. | МЕТ персонал | / | / | 19 | / |
| 14. | АИС персонал | / | / | 30 | / |
| 15. | ФМП персонал | 2 | / | 4 | 2 |

4. учество во надзор како дел од Работни групи за друг континуиран инспекциски надзор согласно надлежностите на Агенцијата (аероклубови, параглајдери и крила на слободно летање, центри за обука за друг воздухопловен персонал, итн).

Во табелата подолу се податоците за извршени надзори во 2023 според обемот на работа и потребата за надзор.

| Бр. | Организација / Центар / Уверение | Опсег / Цел на надзорот | Датум на инспекцијата |
|---|---|---|---|
| 1. | АД Вербум – Скопје<br>**О.П.08-604/2022** | **Тест Центар за англиски јазик – Спроведување на испити за познавање на воздухопловен англиски јазик** *(English Language Assessment Body/Test Center)* | 26.01.2023 |
| 2. | М-НАВ АД Скопје<br>**У.П.12-33/2023** | **Продолжување на уверение на центар за обука за АТСЕП Персонал** *(ATSEP Personnel Training Organisation revalidation)* | 14.01.2023 |
| 3. | ГОБ „8ми Септември"<br>***АМЕ-004***<br>**У.П.08-68/2023** | **CAA/MKD.AME-04**<br>**Обнова на Уверение за Испитувач за Воздухопловна Медицина** *(Aero-Medical Examiner certificate renewal)* | 16.02.2023 |
| 4. | ГОБ „8ми Септември"<br>***АМЕ-005***<br>**У.П.08-67/2023** | **CAA/MKD.AME-05**<br>**Обнова на Уверение за Испитувач за Воздухопловна Медицина** *(Aero-Medical Examiner certificate renewal)* | 16.02.2023 |
| 5. | **2023-PEL-E1.01**<br>У.П.08-363/1<br>**MKD.E.24** | Проверка на исполнување на условите и должностите од постапките за Испитувач на лет (МКД.24 CRE(A)) *(Examiner oversight process)* | 07.03.2023 |
| 6. | У.П.08-134/2023<br>У.П.08-343/2023 | Проверка и верификација на налет на авионски книги за евиденција *(Technical Log Book – TLB)* и пилотска книга за евиденција *(Pilot Log Book – PLB)* | 07.03.2023<br>23.03.2023 |
| 7. | **2023-PEL-E1.01** | **Надзор врз Организација за спроведување на испити за познавање на воздухопловен англиски** | 28.06.2023 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 15. | **О.П.08-1190/2023** | Вонредна инспекција на технички книги на воздухоплови за извршен налет на носител на дозвола | 17.10.2023 |
| 16. | **О.П.08-1190/2023** | Вонредна инспекција на технички книги на воздухоплови за извршен налет на носител на дозвола | 30.10.2023 |
| 17. | **О.П.08-1190/2023** | Вонредна инспекција на технички книги на воздухоплови за извршен налет на носител на дозвола *(воздухоплови на АК Skopje)* | 13.11.2023 |
| 18. | **2023-PEL-A2.1** | Проверка на спроведување на испити за АТСЕП персонал *испит за (ее-системи)* | 15.11.2023 |
| 19. | **2023-PEL-A2.2** | Проверка на спроведување на испити за АТСЕП персонал *испит за (ее-системи)* | 14.12.2023 |
| 20. | **2023-PEL-A5.1** | Проверка на спроведување на испити за ФМП персонал | 15.11.2023 |
| 21. | **2023-PEL-A4.03** М-НАВ АД Скопје *MKD.AIS.001* | Вонредна инспекција на спроведување на испит за стекнување на дозвола за АИС персонал во М-НАВ АД. Скопје | 14.12.2023 год |

**В) Регулатива**

Одделението за дозволи и уверенија во текот на 2023 година зема активно учество за преглед, измени ни дополнувања на предлог измени на законот и постојните правилници.

Имплементација на регулатива:

1. имплементација на регулатива за дозволи на ИКАО Annex I;
2. за персоналот на Контрола на летање по ЕАСА (ЕУ) (2015/340)
3. за летачки персонал EASA (ЕУ) 1178/2011 - PART FCL регулативата согласно планот за имплементација:
4. подготовка за изготвување и имплементација на нов правилник за АТСЕП персонал;
5. подготовка и изготвување на измени во правилник за АИС персонал;
6. подготовка и изготвување на измени во правилник за МЕТ персонал;
7. подготовка и изготвување на измени во правилник за ПКЛ персонал;
8. подготовка и изготвување на измени во правилник за падобранци;
9. подготовка и изготвување на измени во правилник за Диспечери на лет;

14) Учество во постапка за одговарање на ICAO државни писма и одобрување на AIP.
15) Направена ревизија на прирачникот кои го поседува отсекот со 19 процедури, заедно со форми и чек листи за олеснето работење на отсекот на воздухопловна медицина, според MED-MAN-001.
16) Изготвување на нови процедури и нови CHK-листи за работа од областа на воздухопловна медицина;
17) Континуирана медицинска едукација согласно позитивните законски прописи/препораки на EASA/ICAO;
18) Спроведување на мерки за политика на лекарска доверливост/дискреција кај воздухопловната индустрија во Република Македонија.

Протоколот за изменување и дополнување на Конвенцијата за кривични дела и некои други акти извршени во воздухоплови, составен во Монтреал во 2014 година и Конвенцијата за спречување на незаконски дејствија поврзани со меѓународното цивилно воздухопловство, составена во Пекинг 2010 година. По изготвената правна анализа, одлучено е да се пристапи кон овие меѓународни инструменти и за таа цел, секторот иницираше постапка пред надлежните институции во државата.

Се работеше на проучување и подготовка на документација за избор на авиопревозници за добивање на субвенции.

Понатаму, секторот учествуваше во изготвувањето на Меморандумот за соработка меѓу македонските, српските, црногорските, босанските, албанските и турските цивилни воздухопловни власти. Меморандумот е потпишан на 16.01.2023 година во Белград. Неговата основна цел е продлабочување на меѓусебната соработка меѓу воздухопловните регулаторни тела во регионот, олеснување во примената на меѓународната воздухопловна регулатива за сите субјекти во авиоиндустријата во државите во регионот и заеднички настап пред меѓународните воздухопловни организации и здруженија.

Секторот за меѓународно-правни работи учествуваше во изготвувањето на текстот на Билатерална спогодба за соработка во сферата на цивилното воздухопловство помеѓу македонските и албанските воздухопловни власти која се потпиша на 6 април 2023 година во Тирана. Спогодбата конкретно се однесува на надзорот над услугите во воздушниот сообраќај што се обезбедуваат во делот на воздушниот простор над Охридското Езеро, каде што таквите услуги се меѓусебно делегирани и обезбедени од страна на двете држави.

Секторот за меѓународно-правни работи ја координираше и водеше целокупната организација ан Агенцијата за цивилно воздухопловство во однос на подготовките за Билатералниот скрининг за Поглавјето 14 – Транспортна политика кој се одржа во Брисел на 28 јуни 2023 година, како дел од Скринингот од Кластер 4 „Зелена агенда и одржливо поврзување".

На Билатералниот скрининг беше презентиран прогресот кој беше постигнат во областа на воздушниот сообраќај, како еден од најважните столбови за економски раст и развој на Република Северна Македонија.

Во рамките на своите презентации претставниците од Агенцијата за цивилно воздухопловство ја информираа Европската Унија за националната правна рамка, нејзината усогласеност и имплементација во однос на соодветните ЕУ директиви и регулативи од Анексот 1 од Мултилатералната спогодба за основање на Европска заедничка воздухопловна област, а посебно за областите како што се заштита на права на патници, безбедност, управување со воздушниот сообраќај и обезбедување во воздухопловството.

Исто така, беа презентирани и идните планови на АЦВ, како во делот на транспонирањето на ЕУ прописите во македонскиот правен систем, така и во однос на нивната имплементација и зајакнувањето на административните капацитети на Агенцијата за цивилно воздухопловство и Министерството за транспорт и врски.

Дополнително, секторот изготвува календар на состаноци за директорот и подготвува материјали за учество на директорот и на други претставници на Агенцијата на редовните и специјалните состаноците на ECAC/DGCA, EUROCONTROL како и за состаноците на ICAO/DGCA.

3. Анализа и изготвување на стручно мислење за Нацрт - Законот за системот на плати во јавниот сектор,

4. Подготовка на материјали и други подготвителни активности за оценска мисија од Европската комисија во однос на исполнување на условите од првата фаза од Мултилатералната спогодба за воспоставување на Заедничка европска воздухопловна област (ЕЗВО) склучена помеѓу партнерите од Југоисточна Европа: Албанија, Босна и Херцеговина, Северна Македонија, Црна Гора, Србија, Косово од една страна и Европската Унија, Норвешка и Исланд од друга страна,

5. Изготвување и донесување на Правилник за правилата за утврдување на листата на превозници кои се предмет на оперативна забрана,

6. Изготвување и донесување на Правилник за услови и начин на организирање на воздухопловни манифестации,

7 Учество во подготовката на Правилник за начинот, правилата и посебните услови за вршење на надзор на заштитата на патничките права во воздушен сообраќај, како и посебните услови кои треба да ги исполнува лице за да врши работи на инспектор,

8. Изготвување и донесување на Правилник за летачки операции,

9. Учество во подготовка на План за имплементација на навигација заснована на перформанси на РСМ (PBN),

10. Подготовка и донесување на Правилник за формата и содржината на прекршочниот платен налог,

11. Учество во подготовката на Уредба за принципите по кои се води истражувањето на несреќи, сериозни инциденти, инциденти и настани на цивилни и државни воздухоплови, начинот на нивното пријавување, како и формата, содржината, начинот на водење на евиденцијата и начинот на издавањето и одземањето на службената легитимација на истражителите,

12. Изготвување на предлог Национален план за постапување во вонредни состојби предизвикани од дејсвија на незаконско постапување против безбедноста на цивилното воздухопловство, со воздухопловните стандарди,

13. Изготвување на предлог Национална програма за обезбедување на цивилното воздухопловство, со воздухопловните стандарди,

14. Изготвување на предлог Правилник за формата, содржината, евиденцијата и начинот на издавањето и одземањето на службената легитимација на воздухопловниот инспектор,

15. Изготвување на нов предлог Правилник за воздухопловно технички персонал за одржување на воздухоплови,

16. Изготвување на предлог Правилник за изменување на Правилникот за одржување на воздухоплови,

17. Изготвување на предлог Правилник за изменување на Правилникот за проектирање, градба и пловидбеност на воздухоплови,

18. Изготвување на предлог Правилник за аеродроми со цел усогласување со ЕУ регулативите за оваа област,

19. Донесување на следните Оперативни директиви со цел транспозиција на воздухопловни стандарди:

- Службени весници; и
- ICAO документи и анекси;

како и известување за нови изданија на ICAO документи, анекси и циркулари, а доколку е побарано, и по потреба.

### 4.8 Активности поврзани со различни проекти

#### 4.8.1 Поддршка на државите (Support to States) на EUROCONTROL

Секторот за меѓународно-правни работи ги координира активностите од проектот „Поддршка на државите“ преку кој EUROCONTROL им обезбедува поддршка на цивилните воздухопловни власти на нејзините земји-членки. Во таа смисла, во организација на EUROCONTROL и Агенцијата за цивилно воздухопловство, од 3 до 4 октомври, во Скопје се одржа работилница на тема „Култура на праведност“ на која експертите од EUROCONTROL, Јавното обвинителство на Холандија и претставникот на Меѓународната федерација на здруженијата на контролори на летање ги споделија своите знаења во врска со правните и институционалните аспекти на културата на праведност. На работилницата учество земаа претставници од Агенцијата за цивилно воздухопловство, Давателот на услуги за воздухопловна навигација (М-НАВ), аеродромскиот оператор (ТАВ), Македонската воздухопловна федерација и Народниот правобранител на Република Северна Македонија.

#### 4.8.2 Твининг „Поддршка на Агенцијата за цивилно воздухопловство во областа на безбедноста и обезбедувањето во воздухопловството “

Секторот за меѓународно-правни работи учествува во реализацијата на активностите од првата компонента на проектот Твининг „Поддршка на Агенцијата за цивилно воздухопловство во областа на безбедноста и обезбедувањето во воздухопловството“ кој ќе се реализира со поддршка на Хрватската Агенција за цивилно воздухопловство. Цел на овие активности од првата компонента е изготвување на подзаконски прописи во областите на воздухопловна навигација и обезбедување од дејствија на незаконско постапување во согласност со меѓународните стандарди и правото на ЕУ.

#### 4.8.3 EU Integrated Facilities - Набавка на софтверско решение за спроведување на испити

Секторот за меѓународно-правни работи ја координираше постапката за аплицирање и обезбедување на средства во рамките на **EU Integrated Facilities** за обезбедување на софтверско решение за спроведување на испити од страна на Агенцијата за цивилно воздухопловство согласно барањата кои произлегуваат од ЕУ Регулативите во однос на персоналот во воздухопловство. На овој начин ќе се обезбеди имплементација на барањата и стандардите кои произлегуваат од Мултилатералната спогодба за Европска заедничка воздухопловна област и Агенцијата за безбедност во воздухопловството на Европската Унија (EASA) за пристап и користење Test/Examination Question Bank (EQCB).

# V. СЕКТОР ЗА АЕРОДРОМИ И ВОЗДУХОПЛОВНА НАВИГАЦИЈА

## 5.1. Одделение за аеродромска инфраструктура

Во одделението за аеродромска инфраструктура во 2023 година, генерално, се извршуваа следните работи::

- Сертификација на аеродроми леталишта и терени;
- Инспекциски надзор на градежната инфраструктура на аеродроми, леталишта и терени;
- Регистрација на аеродроми и леталишта и евиденција на терени;
- Издавање на согласности со услови за градба од аспект на безбедноста на воздушниот сообраќај;
- Издадање на податоци, информации и мислења за изработка на урбанистичко плански и проектни документации во електронскиот систем e-urbanizam;
- Евиденција, систематизација и инспекциски надзор на препреките во воздухопловството;
- Учество во работата на комисии и работни групи во рамките на АЦВ;
- Други активности.

Во извештајниот период во регистарот на аеродроми и леталишта на Република Македонија регистрирани се:

- 2 воздухопловни пристаништа (аеродром "Меѓународен аеродром Скопје "и аеродром "Св. Апостол Павле – Охрид "),
- 5 спортски аеродроми со тревнати полетно-слетни патеки првенствено наменети за воздухопловно спортски активности како и почетни обуки на пилоти (во Скопје, Битола, Штип, Куманово и Прилеп), и
- 2 леталишта за стопанска авијација со помали бетонски и тревнати полетно-слетни патеки Логоварди (Битола) и Пеширово (Свети Николе).

Во текот на 2023 година нема промени во Регистарот на аеродроми и леталишта.

### Сертификација на аеродроми, леталишта и терени

Согласно законските решенија, сертификација на аеродромите се врши на секои 2 години, се со цел, утврдување на условите од страна на операторите за безбедно одвивање на воздушниот сообраќај на аеродромите.

Во тој контекст, во 2023 година беше продолжена до 30.09.2025 година на издадените уверенија за исполнување на условите за безбедно користење на воздухопловните пристаништа:

- Меѓународен Аеродром – Скопје и
- Св.Апостол Павле – Охрид,

како и на спортските аеродроми, во месец Април 2023:

**Регистрација на аеродроми и леталишта и евиденција на терени**

Во извештајниот период не е доставено ново барање за регистрација на аеродром или леталиште и не се доставени барања за промени во постојните регистрации.

Во дел од уписните листови се ажурираат податоците согласно наодите од инспекциските надзори во текот на годината.

На барање на субјектите од воздухопловната индустрија, беа одобрени 10 терени за времено користење при слетување на хеликоптери.

**Издавање на согласности со услови за градба од аспект на безбедност на воздушниот сообраќај**

Издавањето на согласности со услови за градба од аспект на безбедноста на воздушниот сообраќај е редовна активност на одделението за аеродромска инфраструктура, и зависи од динамиката на доставување на барања за изградба или поставување на објекти во и вон зона на аеродромите и леталиштата кои можат да влијаат на безбедноста на воздушниот сообраќај, како и за усвојување на соодветни урбанистичко - плански документации во рамки на заштитните зони на аеродромите и леталиштата.

Во текот на 2023 година беа издадени 9 (девет) Решенија за согласности со услови за градба за објекти кои претставуваат препреки во воздухопловството.

По ниту едно решение не е доставена жалба и нема ненаплатени побарувања.

**Е– урбанизам**

Од 2015 година, од кога е воспоставен е електронски систем за следење на изработка и донесувањето на урбанистичко плански документации, предметите во системот за е-Урбанизам имаат значителен удел во активностите на одделението како превентивна заштита од нарушувања во просторот во зоните на аеродромите.

Во текот на 2023 година во системот на е-урбанизам одговорено е на 1.822 барања на податоци, информации и мислења од аспект на безбедоста на воздушниот сообраќај за изработка на урбанистички плански и проектни документации.

**Надзор на препреки во воздухопловството**

Во Регистарот на препреки, кој е воспоставен во Агенцијата за цивилно воздухопловство, евидентирани се 620 објекти. Од нив 101 објект не ги исполнуваа пропишаните услови, додека пак 52 објекти се водат како неизградени. Предмет на инспекциски надзор се вкупно 467 препреки.

Во регистарот на препреки, евидентирани се 7 нови препреки, од кои 3 се изградени во текот на 2023 година и истите се внесени на карта.

Извршени инспекциски надзори во текот на 2023 на LWSK

Бр. Предмет Служби

1. (SMS) Safety management system

Систем за управување со безбедноста (СУБА) Служба за управување со безбедноста

2. Apron management system-

Управување со платформа Одделение за контрола на операции на платформа

3. Ramp handling -п/о воздухоплов Одделение за прифаќање и испраќање на воздухоплови

4. Bird strike - удар со птици Оделение за контрола на операции во контролирана зона

5. Firefighting -ППЗ Противпожарно одделение

6. Emergency plan - План за вонредни состојби Противпожарно одделение

7. Low visibility procedure -

Процедура при намалена видливост ATC-DUTY

8. Winter service - Зимска службаPAT Одделение – зимска служба

9. Центар за обука – training center Центар за обука

Извршени инспекциски надзори во текот на 2023 на LWOH

Бр. Предмет Служби

1. (SMS) Safety management system

Систем за управување со безбедноста (СУБА) Служба за управување со безбедноста

2. Apron management system-

Управување со платформа Одделение за контрола на операции на платформа

3. Ramp handling -п/о воздухоплов Одделение за прифаќање и испраќање на воздухоплови

4. Bird strike - удар со птици Оделение за контрола на операции во контролирана зона

5. Firefighting -ППЗ Противпожарно одделение

6. Emergency plan - План за вонредни состојби Противпожарно одделение

7. Low visibility procedure -

Процедура при намалена видливост ATC-DUTY

8. Winter service - Зимска службаPAT Одделение – зимска служба

9. Центар за обука – training center Центар за обука

- Давање на услуги поврзани со снабдување на воздухоплови со гориво и мазиво.

3. Внатрешни процедури за работа на ОАУ - Изготвени се 6 (шест) процедури и тоа за:

- издавање на одобрение за земски услуги
- издавање, продолжување, обновување или промена на уверение на организации или центри за вршење обука на друг стручен персонал
- имплементација на надлежноста во однос на давањето на аеродромски услуги согласно член 82-в, 82-г, 82-ѓ, 82-е и 82-љ од Законот за воздухопловство (4 процедури)

4. Чек листи - Редовно се врши ажурирање на чек листите согласно новите барања на ICAO, IATA, ЕУ, EASA. Исто така, изработени се 4 (четири) чек листи во управна постапка (1. издавање одобрение за земски услуги, 2. признавање на обука на персонал стекната во странство, 3. сертификација на аеродроми, 4. СМС). Согласно барањата на ICAO изработена е нова чек листа (checklist for ground servicing of aircraft).

5. Подготовка на стручно мислење - ОАУ навремено и квалитетно доставува податоци и изработува мислења по однос на документи/информации доставени од МТВ, ВРСМ и други институции.

**Евиденција/регистар**

ОАУ уредно и навремено ја спроведе постапката за издавање, продолжување, обновување или промена на уверение на организации или центри за вршење обука на друг стручен персонал.

Во рамките на исполнување на својата надлежност ОАУ воспостави е-евиденција/регистер на организации/центри, на кои им е издадено уверение за обука на:

- персонал за прифаќање и испраќање на воздухоплови, патници, багаж и стока
- опасни материи по воздушен пат,
- персонал за снабдување на воздухопловите со гориво и мазиво

Е-евиденција/регистар овозможува уреден и детален преглед на сите валидни уверенија, продолжени, обновени или изменет, измени во програмите за обука, измени во раководната структура и сл. (промени кои подлежат на одобрување и промени за кои е потребно само известување); уредно и брзо ажурирање на неопходните податоци со податоците согласно наодите од инспекциските надзори во текот на годината.

**Соработка/членство со меѓународни организации и домашната воздухопловна индустрија**

Инспекторите во Одделението за аеродромски услуги, и во 2023 година, продолжија со успешната соработка со меѓународните организации:

2.Отпочнување постапка за продолжување на уверението за работа на Давателот на услуги во воздухопловна навигација – ANSP. Овие активности ќе се извршуваат до месец Март 2024 година.

3.Надзор над тековното исполнување/придржување на условите, како и општите услови на давателот на услуги во воздухоповна навигација кој Агенцијата го врши преку редовен инспекциски надзор според планот и програмата на одделението за воздухопловна навигација во делот на:

а) техничка и оперативна стручност и оспособеност,

б) организациона структура и управување,

в) систем за управување со безбедноста

г) услови за постигнување, обезбедување и подобрување на безбедноста,

д) безбедносни услови за проценување и ублажување на ризици по однос на измените,

ѓ) услови за давање на услуги на контролата на летање (работни методи и оперативни процедури),

е) услови за безбедност за инженерскиот и техничкиот персонал кои вршат должности поврзани со оперативната безбедност (работни методи и оперативни процедури),

ж) услови за давање на метеоролошки услуги во воздухопловството (работни методи и оперативни процедури),

з) услови за обезбедување на услуги за воздухопловни информации (работни методи и оперативни процедури) и

ѕ) услови за давање на комуникациски, навигациски и надзорни услуги (работни методи и оперативни процедури).

4.Проверка над тековното исполнување/придржување на условите како и општите услови на давателот на услуги во воздухопловна навигација преку вонреден инспекциски надзор. Овие активности се извршуваа периодично, зависно од планираните и настанати промени кои се дел од работењето на давателот на услуги на воздухопловна навигација.

5.Надзор над усогласеноста и исполнување на пропишаните услови на организациите или центрите за обука на персоналот на контрола на летање. Овие активности се извршуваа во текот на цела година согласно планот за инспекциски надзор на Одделението за воздухопловна навигација.

6.Инспекција и надзор над исполнување на пропишаните услови над другите одобрени организации или центри за обука на персоналот кои се дел од работењето на давателот на услуги во воздухопловна навигација (MET,AIS,CNS). Овие активности се извршуваа во текот на целата година согласно планот за инспекциски надзор на Одделението за воздухопловна навигација.

7.Разгледување, постапување и архивирање по основ на добиените безбедносни настани од страна на давателот на услуги во воздухопловна навигација. Одделението за воздухопловна навигација преку вонредни инспекциски надзори ги извршуваше овие активности во текот на целата година.

8.Разгледување, постапување и одобрување на добиените безбедносни проценки за проценување и ублажување на ризици по однос на измените кај давателот на услуги во воздухопловна навигација.

9.Разгледување, постапување, одобрување и ажурирање на измените во воздухопловниот зборник AIP добиени од страна на давателот на услуги во воздухопловна навигација.

10.Управни постапки кои произлегуваат од работењето на давателот на услуги на воздухопловна навигација за подобрување на безбедноста во однос на измените на работните методи и оперативните процедури во одделението за безбедност, секторот на контролата на летање (ATCO,FD,AIS,MET,FLOW,RCO), сектор за техника (CNS).

- прием, документирање и анализа на извештаи за настани во цивилното воздухопловството;
- имплементација на Регулатива (ЕУ) бр. 376/2014 и Регулатива за спроведување (ЕУ) бр. 2015/1018;
- прием, ажурирање и складирање на пријавените настани во базата на податоци ECCAIRS;
- изработка на прегледот на безбедноста врз основа на евиденцијата на настани во базата на податоци и креирање на тренд анализа;
- учество во работата на Одборот за безбедност при АЦВ;
- учествуво во работата на ICAO EUR SAR/TF групата:
- постапување по државни писма на ICAO;
- учество на состанокот на ICAO EUR SAR/TF, Workshop во областна на Aeronautical Search and Rescue и SAREX во Ларнака, Кипар;
- остварена средба при посетата од страна на делегацијата на Координативниот центар на Албанија;
- подготовка за имплементација на Законот за воздухопловство во делот на потрага и спасување.

Во делот на вежбовни активности

- комуникациски вежби на RCC со примарните SAR субјектите (шестмесечно)
- комуникациски тест/проверка со соседните RCC (шестмесечно)
- комуникациски тест/проверка со секундарните SAR субјекти (годишна)
- cospas -sarsat тест/проверка (месечно)

**Учество во работни групи, комисии и слично**

Персоналот од одделението учествуваше во работата на комисии, работни групи и други активности од надлежноста на Агенцијата за цивилно воздухопловство.

**Учество и организација на состаноци на RASARAC**

Агенцијата за цивилно воздухопловство како надлежно тело ја презеде улогата на претседавач со Регионалниот советодавен комитет за потрага и спасување во областа на цивилното воздухопловство. Активностите кои произлегоа од претседавањето со RASARAC беа директно поврзани со работата на одделението во 2023 година. Одделението во рамките на своите надлежности во АЦВ директно учествува во работата на RASARAC. Една од активностите поврзани со претседавањето беше и организирање на свеченост по повод потпишување на Спогодба помеѓу Советот на министри на Босна и Херцеговина, владата на Република Бугарија, Владата на Република Хрватска, Владата на Унгарија, Владата на Република Северна Македонија, Владата на Црна Гора, Владата на Република Србија, Владата на Словачката Република и Владата на Република

## VI. СЕКТОР ЗА АДМИНИСТРАТИВНИ И ОПШТИ РАБОТИ

Годишната програма за работа и развој на Агенцијата за цивилно воздухопловство за 2023 година (во рамки на Секторот за правни и општи работи) беше поставена согласно стратешките цели за континуиран развој на професионалните и стручните кадри кои функционираат во интерес на сите корисници на нашите услуги како и следење на перформансите на Агенцијата во однос на поставените цели преку промоција на компетентноста, стручноста и вклученоста на вработените во сите работни процеси.

Согласно поставените цели во програмата беа превземени и реализирани сите активности кои произлегуваат од низа области потесно поврзани со националната регулатива и позитивните законски прописи (подзаконски акти) согласно предвидените развојни програми и проекти на Агенцијата.

Внатрешната организација и работа на Агенцијата произлегуваат од нејзините надлежности утврдени со закон, преку групирање на работите и задачите според нивниот вид, обем, сложеност и меѓусебна сродност.

Секторот за административни и општи работи (сега: Сектор за правни и општи работи) кој е надлежен за спроведување на нормативно-правни и стручно-административни работи согласно организациска поставеност на Агенцијата за цивилно воздухопловство и секојдневното вршење на работните активности, во текот на минатата година ја утврди потребата од внатрешно преструктуирање заради дополнително унапредување на работните процеси во самата институција.

Имено, во состав на самиот сектор, во една организациона единица-одделение, правните работи и човечките ресурси беа заедничка активност и делување и покрај разнородноста на двете области.

Правните работи како активност во Агенцијата вклучуваат:

- нормативно-правни работи и грижа за примена на националните прописи кои влијаат на работата на Агенцијата;
- обезбедување на единствена примена на законите и другите прописи во Агенцијата;
- подготвување на подзаконски акти согласно позитивните законски прописи од надлежност на Агенцијата;

- Сектор за правни и општи работи
  - *Одделение за управување со човечки ресурси*
  - *Одделение за правни работи*
  - *Одделение за општи и заеднички работи*
  - *Одделение за информатички технологии и телекомуникации*
  - *Одделение за јавни набавки*

Во однос на Секторот за правни и општи работи, во согласност со Годишниот план за вработување во Агенцијата за 2023 година, преку постапка за вработување со објавување на јавен оглас, реализирани се 9 вработувања на административни службеници и 1 вработување на административен службеник со спогодба за вработување без јавен оглас, преку трајно преземање.

Вкупниот број на вработени во Агенцијата за цивилно воздухопловство заклучно со 31.12.2023 година е 81 вработено лице.

Агенцијата во текот на изминатата година задолжително ги следеше новините кои се однесуваат на подобрување на родовата еднаквост, при што се заложи за поуспешно промовирање и унапредување на еднаквите можности. Агенцијата го следи во континуитет и процентот на застапеноста на жени вработени во институцијата како и жени на раководни позиции.




*Графикон 3 - Вработени по пол*




*Графикон 4 - Раководни работни места по полова припадност*

Дополнително, во рамките на спроведување на проектот - воспоставување на институционален интегритет од страна на Државната Комисија за спречување на корупцијата (ДКСК) со повик до институциите од јавниот сектор, беше спроведена кампања за воведување на систем на интегритет и истата беше насочена кон подигнување на свеста за важноста од етичко однесување на службените лица заедно со промоција на креираните алатки и процедури за спречување и за пријавување на корупција и судир на интереси.

Процесот отпочна во март 2023 година со воведување на системот на интегритет преку потпишување на Политиката како акт и назначување на лице кое ќе ги превзема неопходните дејствија за имплементација на овој процес во делокругот на работата на Агенцијата.

При имплементација на овој проект од страна на поголем број државни институции и единици на локална самоуправа, односно, од вкупно 142 институции во РСМ кои учествуваа во процесот на мониторинг кој беше спроведен од домашни и странски експерти во следење и исполнување на оваа обврска, Агенцијата за цивилно воздухопловство го заседе 15-то место.

Секторот за правни и општи работи во 2023 година, опфати организирање, насочување и координација на неговото работење, непосредна контрола и надзор над извршувањето на работите од утврдената надлежност, преку вршење на методолошка, организациска и техничка поддршка на одделенијата во неговиот состав. За таа цел се спроведоа низа на нормативно-правни и стручно-административни работи поврзани со работните односи, управувањето со човечките ресурси, кадровските политики и други правни прашања.

**6.1 Одделение за управување со човечки ресурси**

Активностите на Одделението за управување со човечки ресурси како посебна единица , се тесно поврзани со стратешките функции на Агенцијата како институција, а се неопходни за нејзиниот развој. Кадровската оспособеност е предуслов за ефикасно, квалитетно, и навремено вршење на законските надлежности и заради тоа Агенцијата континуирано вложуваше во својот човечки потенцијал.

Од таму, дејноста на оваа организациона единица се подели во две главни категории:

1. Стратешка дејност-односно, реформаторска, при што акцентот беше ставен на подготовка и имплементација на деловната стратегија на Агенцијата поврзано со развивање и имплементирање на стратегијата за управување со човечки ресурси, превземање на иницијативи при процесот на

Управниот одбор.

Управниот одбор во текот на изминатата година во неколку наврати ги изгласа предлозите кои се однесуваа на измена на актите за организација, систематизација и плати бидејќи, за истите беше општо прифатен фактот дека ќе ги подобрат процесите на работа и функционирање во Агенцијата, односно, ќе придонесат за поголема ефикасност и ефективност во остварување на дејноста. Без исклучок, предмет на дискусија на некои од седниците беа прашања од областа на безбедноста во воздушниот сообраќај, односно, континуирано се правеше осврт на новите текови во воздухопловството како дејност и неговото постојано унапредување.

**6.2.Одделение за правни работи**

Агенцијата за цивилно воздухопловство во рамките на Одделението за правни работи кое ги извршува нормативно-правните работи, притоа водејќи грижа за примена на националните прописи како и обезбедувајќи единствена примена на законите и другите прописи во Агенцијата,
со цел натамошно законско усогласување и хармонизирање на содржините како и потребата од подетално пропишување на нови правила, ги изготви и донесе сите потребни подзаконски (интерни) акти (18 интерни прописи), притоа, обезбедувајќи правна поддршка на работењето на сите организациските единици на Агенцијата а во насока на следниве активности:

- учество во подготовка на Годишната програма за работа и развој и Годишниот извештај за реализација на програмата за работа и развој во рамките на своите надлежности;
- тековна писмена комуникација со државни институции и други правни субјекти;
- давање на правни мислења во рамките на барањата и за потребите на Агенцијата;
- изработување на решенија, договори и други правни акти кои произлегуваат од областа на работните односи;
- остварување на правата од здравствено и социјално осигурување на вработените во Агенцијата;
- постапување по имотно правни прашања од надлежност на Агенцијата;
- изготвување на полномошна, соопштенија, известувања, номинации, наредби и овластувања по разни основи;
- извештаи до соодветните органи од разни прашања и области;
- постапување согласно Законот за постапување на претставките во законски утврдените

## 6.4.Одделение за информатички технологии и телекомуникации

Одделението за информатички технологии и телекомуникации во рамките на извршување на активностите предвидени за 2023 година, во целост ги исполни поставените таргети во однос на функционирање и одржување на ИТ системот, видео надзорот како и во делот на обезбедување на ефикасни и квалитетни софтверски решенија спроведувајќи низа процеси меѓу кои :

- постојано мониторирање на оптовареноста и перформансите на системот;
- целосно управување, организирање, и извршување на процедури за редовен и периодичен back-up на базите на податоци;
- подготовка на извештаи директно од базата на податоци: избирање, филтрирање и анализирање на податоците со цел креирање на детални извештаи;
- континуирано одржување и развој на Интранет портал;
- изработка на нови софтверски апликации;
- спроведени неопходни тестирања на закрпи за постоечкиот систем;
- реализација на потребните интервенции и постапувања по барања поврзани со поддршка на софтверските решенија и системски апликации од страна на сите организациони единици во Агенцијата;
- активно одржување и мониторинг на постоечките апликациски сервери;
- спроведена анализа на постоечката инфраструктура и давање на предлози за подобрување на функционалноста и перформансите;
- извршено проектирање и развој на мрежната и серверската инфраструктура;
- одржување и мониторинг на оперативните системи, (во континуитет);
- постојано мониторирање на работата на антивирусните и антиспам активности во мрежата;
- целосна реализација на миграција на Exchange Online, согласно препораките на MKD-CIRT и експерти во областа на сајбер безбедноста;
- спроведени интервенции по барање за поддршка поврзана со ИКТ инфраструктура;
- изработени спецификации за пренос на информации преку интранет и интернет;
- стручна помош при изготвување на технички спецификации за јавни набавки поврзани со ИКТ.

## VII. СЕКТОР ЗА ФИНАНСИСКО РАБОТЕЊЕ И ЕКОНОМСКИ НАДЗОР

Секторот за финансиско работење и економски надзор, во текот на 2023 година реализираше серија од мерки и активности, во насока на обезбедување ефикасна и транспарентна функционалност на финансиските операции во воздухопловниот сектор во земјава.

Инспекциите беа извршени во согласност со стандардите и препораките на ICAO и ЕУ, вклучувајќи го и надзорот на исполнетоста на пропишаните услови за економско работење, следењето на предвидените и остварените трошоци, како и анализата на финансиските планови и извештаите за работа на субјектите од воздухопловната индустрија.

И во делот на материјално-финансиското работење, Секторот успешно ја спроведе годишната програма за работа и развој на Агенцијата за 2023 година, во согласност со законските одредби и регулативи во земјава, како и со примената на Меѓународните сметководствени стандарди за финансиско работење. Беа реализирани неопходните активности во согласност со применетите закони, регулативи и стандарди, демонстрирајќи високо ниво на професионалност и одговорност.

### 7.1 Одделение за економски надзор, план и развој

Одделението за економски надзор, план и развој во текот на 2023 година извршуваше активности согласно Програмата за работа и развој на Агенцијата за цивилно воздухопловство за 2023 година, реализирана преку Планот за инспекциски економски надзор и изработени чек листи за давателот на услуги на воздухопловна навигација и давателот на аеродромски услуги.

Инспекциите се вршеа согласно препораките на ICAO за јакнење на економскиот надзор на субјектите во воздухопловството, а се состојат од:

- Надзор на исполнетоста на пропишаните услови за економско работење на субјектите во воздухопловството при издавање на уверенија за работа;
- Надзор над предвидените и остварените трошоци за дадените услуги и финансирањето преку надоместоците за дадените услуги;
- Редовно следење на економските показатели преку следење на стратешките бизнис планови, годишните и финансиските планови и анализа на годишните извештаи за работа на субјектите во воздухопловството.

- Инспекциски економски надзор на економската стабилност на ТАВ Македонија во постапка за продолжување на Уверение за исполнување на условите за безбедно користење на аеродромите и изработка на Извештај УП. број 12 –440/2023 од 15.09.2023 година,
- Економски надзор по добиен Годишен извештај за работа и финансиски извештаи на АД М – НАВ за 2022 година, број 0501-714/3 од 08.05.2023 година и донесено извештај – мислење број 05 – 623/2 од 25.05.2023 година за истиот,
- Економски надзор и анализа на Програмата за изменување на Инвестиционата програма на М-НАВ АД Скопје за 2023 година, бр.10001-1126/1 од 26.06.2023 година,
- Прв редовен Инспекциски економски надзор над АД М – НАВ АД Скопје за 2023 година и изработка на Извештај број 05 – 787/2 од 07.07.2023 година, согласно известување број 05 – 787/1 од 20.06.2023 година,
- Економски надзор и анализа на добиени ревидирани финансиски извештаи за деловната година која завршува на 31.12.2022 година, на АД М – НАВ,
- Втор редовен економски надзор за 2023 година согласно известување број 05-1394/1 од 08.11.2023 година и Извештај за извршен економски надзор со број 05-1394/2 од 13.12.2023 година.
- Економски надзор по добиен финансиски план за 2024 година и Програма за давање на услуги на воздухопловна навигација за 2024 година на АД М-НАВ, број 0501-2093/2 од 14.12.2023 година и донесен извештај-мислење број 05-1626/2 од 22.12.2023 година за истиот.
- Економски надзор, проверка на исполнетоста на условите за начинот на давање на услугите на воздухопловна навигација во постапка за издавање, продолжување и обновување на Уверението за оспособеност за давање на услуги на ВН на М-Нав АД Скопје, согласно ПОДДЕЛ Г на ЕУ Рег.373/2017 (декември 2023).
-

Во Одделението за економски надзор, план и развој во текот на 2023 година извршени се и следниве активности:

- изработени и доставени редовни месечни извештаи, како и годишни извештаи за 2023, за бројот на летови, патници и карго од аеродромите во РСМ, до одделот за статистика на ICAO/ACI;
- реализација на пресметка на делот од АЦВ за вкупно фактурирани и префрлени средства од надоместоци од прелети од CRCO за секој месец од 2023 година и доставување на Извештаи до одделението за сметководствени работи;

***Финансиска евиденција на сите промени во главната книга***

- Ликвидација, контрола и реализација за извршени плаќања врз основ на 661 влезна фактура како обврски кон добавувачите;
- Изработка, издавање и доставување на 426 излезни фактури за комитенти во земјата и 12 излезни фактури за комитенти од странство врз основ на доставени барања за фактурирање;
- Евиденција во главната книга на промени на 229 денарски изводи и 79 девизни изводи;
- Изработка, контрола и евиденција во главната книга на 49 денарски благајни и 43 девизни благајни;
- Книжење во главна книга на 12 налози за закуп, 12 налози за надоместок на членови на Управен одбор, 6 налози за Солидарен фонд за ЕУРОКОНТРОЛ, 56 налози за влезни фактури, 49 налози за излезни фактури, 12 налози за данок на добивка.

Одделението за материјално финансиско работење во тековната година, во континуитет вршеше пресметка и изработка на налози за патување во земјата и странство, подигнување на парични средства за потребите на денарската и девизната благајна, водеше евиденција за вкупно остварен трошок за реализирани обуки, вкучително и евиденција и следење на зависните трошоци од реализираните обуки како трошоци за сместување и превоз на вработените во Агенцијата кои се неопходни за реализација на обуките.

Реализираше ликвидатури и фактурирање, континуирано ги следеше договорите од јавна набавка при ликвидација на влезни фактури, пресметка и изработка на излезни фактури за коминтенти во земјата и странство, вршеше пресметка и евиденција на трошок за мобилни телефони кои ги користат вработените во АЦВ и сите останати работи кои се дел од работните задачи систематизирани во работното место.

Во текот на 2023 година, беше извршена евиденција на финансиските настани во главната книга на Агенцијата, а и изврши и комплетна подготовка за отпочнување на процесот на попис на основни средства со кои располага Агенцијата.

Се работеше и на евиденција на ново набавените основни средства во 2023тата година, беше реализирано спроведување на процесот на ревизија од страна на надворешен ревизор со подготовка на документација за потребите на надворешниот ревизор.Континуирано се вршеше евиденција и